мермерниот споменик се наоѓа следниов натпис: „Македонски деец Наце Димитриевич Димов. Умрен на 15. јули 1916 година, на 40 години од раѓањето. Живееше тој и се бореше за правото и слободата на македонскиот народ“.

Досега слабо познатата фигура на Наце Димов и неговата неуморна дејност во горепрікажаната книга на Блаже Ристовски со својата богата аргументација и илустративен материјал дејствува и убедливо и впечатливо.

Љ. Л.

## Милош Константинов: ЗАШТИТА НА АРХИВСКАТА ГРАЃА
издание на Историски архив — Скопје, 1973

Со својот труд авторот ни дава анализа на архивските прописи со осврт на нивното значење во организирањето на заштитата на архивската граѓа од трајна вредност.

Обработената тематика е распределена во три дела: Архивска граѓа, Архивски установи и Архивски прописи.

Во првиот дел, освен поимот за архивска граѓа, обработени се и процесите поврзани околу нејзината заштита како што се: евидентирањето, преземањето, одбирањето, чувањето, ползувањето и прометот на архивската граѓа.

Вториот дел ги содржи проблемите од организацијата на архивската мрежа со архивските установи, нивните надлежности, надзорот, прашања од областа на управувањето, стручните тела и на крајот се разработени и санкциите кои се предвидени со архивските прописи.

Во третиот дел како прилог исцело во изворна содржина се предадени сојузните и републичките архивски прописи донесени од 1945 г. па наваму.

Во самиот почеток авторот укажува на важноста на архивската граѓа, истакнувајќи го нејзиниот третман како споменик на културата и преземените мерки за нејзината заштита не само во југословенски туку и во меѓународни размери. Во основните архивски прописи архивската граѓа целосно е ставена под заштита на општествената заедница.

Понатаму авторот се обидел да ги дообјасни поимите „архивска граѓа“ и „регистратурски материјал“ за кои смета дека во досегашните правни прописи во таа смисла има недоречени и нејасни дефиниции, а од правилното содржинско разграничување на тие два поима ставена е во зависност и правилната заштита на потребната архивска граѓа за науката. Меѓутоа, овој обид е сведен само на формалната страна, а не и на суштинското објаснување на поимите кое и понатаму е оставено на индивидуалните критериуми на архивските работници кои директно се ангажирани во средувањето и обработката на архивските материјали.

Како на важен фактор во заштитата на архивската граѓа авторот го истакнува евидентирањето. Покрај прописите од оваа област ги обработува и архивските евидентни средства, како што се:

влезниот инвентар, евиденции на фондови во архивските установи и надвор од нив, регести, каталози и сумарни и аналитични инвентари.

Во овој труд е обработено и преземањето на архивската граѓа како една од мерките за нејзина заштита.

На проблемот на одбирањето авторот му дава посебно место. Тој смета дека тоа „претставува една од најсуптилните и најодговорните дејности во архивистиката“. Тука и науката е најзаинтересирана да се изградат правилни критериуми за одбирање на архивската граѓа, за трајно чување и „безпоследично уништување на безвреден регистратурски материјал“. При разгледувањето на овој проблем авторот внесува нов смисол во толкувањето на терминот **излачување** кое е спротивно со неговото толкување дадено во Речникот на архивската терминологија. Според **Речникот** „излачување е издвојување на безвредна граѓа за уништување“, додека според авторот се „излачува архивска граѓа што треба да се чува трајно“. Треба да се укаже и на тоа дека во **Речникот** за македонскиот јазик воопшто не е прифатен во употреба терминот излачување на место него во таа смисла се прифатени термините **отфрлање** и **шкартирање**. Порано овој термин се употребувал и кај нас, но во смисла како што е даден во Речникот и давање нови значења на веќе усвоени одделни термини ќе внесе само забуна во неговата употреба.

Покрај другите прописи, исцрпно е разработено Упатството за начинот на вршењето повремени прегледи и одбирање на архивската граѓа од регистарскиот материјал. При разгледувањето на овој материјал се добива впечаток дека со прописот подетално е опфатена исклучиво само граѓата од општ карактер. Пропуштено е да се укаже дека со Упатството се задолжени работните организации со своите листи за граѓа од трајна вредност да ги опфатат и обработат и материјалите што се создаваат според видовите на работата што се ставени во нивниот делокруг (специфичен дел). Веројатно, авторот нарочно го избегнал споменувањето на специфичниот дел од листата на архивската граѓа затоа што овој проблем е деликатен и уште долго време ќе биде предмет на упорна работа на архивските работници додека најде место во архивските прописи. Интересно е и тоа што овој проблем авторот има тенденција да го сведе на математичка равенка.

Во однос на проблемот **за чување** авторот ги изнесува обврските на архивските установи кои произлегуваат од донесените прописи во врска со обезбедувањето услови за чување на архивската граѓа и обврските во таа смисла на организациите на здружен труд како создавачи и сопственици на архивската граѓа.

Авторот се запира и на проблемот **ползување** на архивската граѓа и на условите за ползување што треба да ги обезбедат архивските установи како за домашните, така и за странските истражувачи.

Во разгледувањето на проблемот за заштита на архивската граѓа авторот го обработил и проблемот на нејзиниот промет. Со прописите исклучиво се забранува

изнесување на граѓа надвор од Југославија и нејзино пренесување од едно во друго место. Истакнато е правото на откупување и правото на притежавање на архивската граѓа.

За пополнување на сликата на проблемите кои се јавуваат околу спроведувањето успешна заштита на архивската граѓа неопходно е да се спомене како основен и проблемот за нејзино средување. Овој проблем авторот не го обработил посебно, но не можел и да не го спомене. Покрај тоа што проблемот за средување на архивската граѓа недостатно е обработен во архивските прописи, неопходно е да се разработи од тој аспект Упатството за вршење повремени прегледи за одбирање на архивската граѓа и регистарскиот материјал. Упатството пропишува заеднички архивски знаци за средување на архивската граѓа во регистратурите. Важноста на средувањето се состои во создавањето услови на поголема евидентност на материјалот, а со тоа и негова поголема заштита и ползување.

Во вториот дел авторот ја разгледува организационата поставеност на архивската служба, задачите и надлежноста во однос на територијалната надлежност, надзорот, работата на управните и стручните тела, а го завршува со санкциите предвидени за непридржување кон архивските прописи.

Тука е дадена и слика на архивската мрежа на територијата на Македонија во перспектива, според препораката на Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ за натамошно унапредување на архивската служба во Македонија.

Во третиот дел, почнувајќи од 1945 година па наваму, исцело се отпечатени сите архивски прописи од сојузен и републички карактер.

Во нашите (републичките) прилики на недостиг на стручни архивски трудови, појавата на трудот „Заштита на архивската граѓа", единствен од ваков вид, е за поздравување и ветува успешно да одговори на поставените цели, да укаже на значењето на заштитата на архивската граѓа и да послужи како основен материјал на стручните работници кои се задолжени во полагањето на стручните испити.

**О. В.**

**МАКЕДОНСКИ АРХИВИСТ**, списание на Друштвото на архивските работници и архивите во СР Македонија, год I (1972), бр. 1, стр. 229

Дниве се појави од печат првиот број на списанието Македонски архивист, како орган на Друштвото на архивските работници и архивите на СР Македонија.

Со својата богата и разновидна содржина, со својата пријатна надворешност и техничка опрема, Македонски архивист го привлече вниманието не само на бројните архивисти на Македонија и Југославија туку и на историчарите и другите културни и научни работници кои во неговата појава гледаат пополнување на една голема празнина во нашата периодика.